РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1405/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1405/1 од 15.04.2024 година, со нејасни и неразбирливи наводи, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што наводите се нејасни и конфузни, а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата од причина што се работи за анонимна пријава.

Предметот со број 12-1405/1 од 15.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител на ден 15.04.2024 година, поднесена е пријава заведена со број 12-1405/1, со нејасни и неразбирливи наводи. Доставената анонимна пријава која е неуредена и рачно напишана, со нечитлив ракопис и во истата се нафрлени наводи од кои тешко може да се утврди што конкретно е предмет на пријавата и за какво постапување е поднесена пријавата.

При разгледувањето на анонимната пријава, ДКСК констатира дека во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата од причина што се работи за анонимна пријава.

Оттаму, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О, советник
Контролирал: м-р К.З, раководител
Одобрил: м-р Ц.Р, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk